Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 12-3912
Охрид, 27.4 2026 год.

Врз основа на член 110 став 1 точка 8, член 166, член 175 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2018, 178/21, 58/24 и 124/25) и член 37 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, наставно-научниот совет на Факултетот за компјутерски науки и инженерство при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, на седница одржана на ден 27.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно- научно звање**

1. СЕ ИЗБИРА д-р Иле Димитриевски во наставно – научно звање доцент од научна област Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) на Факултетот за компјутерски науки и инженерство при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, за време од 5 (пет) години.
2. Одлуката стапува на сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид распиша јавен конкурс, арх. бр. 04-100/1, објавен на 12.02.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научна област Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) на Факултетот за компјутерски науки и инженерство, кој беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 12.02.2026 година, согласно одлука за распишување конкурс, бр. 12-24/1 од 23.01.2026 година.

На конкурсот за избор на наставник од научна област Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) се пријавија кандидатите д-р Иле Димитриевски и д-р Александар Котевски.

Во согласност со член 173 од Законот за високото образование наставно-научниот совет на Факултетот за компјутерски науки и инженерство со одлука бр. 12-29/2 од 25.02.2026 година, именува рецензентска комисија во состав:

- **Проф. д-р Атанас Христов**, редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид – претседател на комисија

- **Вонр. проф. д-р Дијана Цапеска Бога**тиноска, вонреден професор на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника – член на комисија
- **Вонр. проф. д-р Расим Салкоски**, вонреден професор на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мулитемедијална и анимациска техника – член на комисија

Рецензентската комисија достави реферат арх. бр. 04-158/2 од 09.04.2026 година со заклучок и предлог до наставно – научниот совет да го избере кандидатот д-р Иле Димитриевски во наставно-научно звање доцент со вкупно 132.796 поени од наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност. Рецензентската комисија констатирала дека кандидатот д-р Александар Котевски со пријавата не ги приложил сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува неговите наставно-образовни, научно-истражувачки, и стручно-апликативни активности. Кандидатот д-р Александар Котевски не доставил доказ за искуство во наставно образовна дејност.

Рефератот беше објавен во „Билтен", бр. 17-239/1 на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, од ден 09.04.2026 година.

Членовите на наставно – научниот совет во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" Охрид откако ја разгледаа целокупната документација по објавениот конкурс констатираа дека се исполнети условите за избор на наставник во наставно- научно звање доцент и одлучија да го прифатат предлогот на рецензентската комисија и донесоа одлука како во диспозитивот.

**Декан**

**Вонр. проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска**

Доставено до: Архива
Персонално досие
Д-р Иле Димитриевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

| Примено: | 9.4.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един | број | Прилог | Вредност |
| 04 | 15812 | | |


# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНО-НАСТАВНА ОБЛАСТ 2.02.00.14 – КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“– ОХРИД, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со одлука бр. 12-29/2 донесена на седница на Факултетот за Компјутерски науки и инженерство при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (УИНТ) одржана на 25.02.2026 година, а врз основа на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен на ден 12.02.2026 година во дневните весници Нова Македонија и Коха, како и на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (УИНТ), се формира Рецензентска комисија за избор на 1 (Еден) наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за Компјутерски науки и инженерство при УИНТ, во научна област Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) во состав:

- **Проф. д-р Атанас Христов**, Проректор на УИНТ, Охрид и редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки при УИНТ, Охрид, **претседател**;
- **Вонр. Проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска**, вонреден професор и декан на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, при УИНТ, Охрид, **член**;
- **Вонр. Проф. д-р Расим Салкоски,** Вонреден професор на информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, **член**;

По разгледувањето на пријавите и поднесената документација, Рецензентската комисија на Факултетот за Компјутерски науки и инженерство при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, му го поднесува следниот

# ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во дневните весници Нова Македонија и Лајм, како и на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (УИНТ), за избор на наставник во сите наставно-научни звања, во научната Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14), со валидна пријава и квалификации, согласно општите услови утврдени со Законот за

работните односи, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, како и посебните услови утврдени во Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања, во наведениот рок се пријавија двајца кандидати и тоа:

1. д-р Александар Котевски
2. д-р Иле Димитриевски

## 1. Д-р Александар Котевски

Кандидатот д-р Александар Котевски со пријавата не ги приложил сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува неговите наставно-образовни, научно-истражувачки, и стручно-апликативни активности. Кандидатот д-р Александар Котевски не доставил доказ за искуство во наставно образовна дејност.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Според доставената документација Д-р Александар Котевски е роден на 10.03.1085 година во Битола, Високото образование го завршува на додипломските студии на Техничкиот Факултет во Битола насока Техничка Иинформатика во 2006 година, стекнувајќи се со звањето дипломиран информатичар. Постдипломски студии ги завршува на Техничкиот Факултет во Битола на Информатика и компјутерска техника во 2011 година, стекнувајќи се со звањето магистер по информатика. Д-р Александар Котевски после постдипломските студии се запишува на Универзитетот „Гоце Делчев“ II Кампус, Техничко технолошки науки во Штип на докторски студии во академската 2011/2012 студиска програма Компјутерска Техника и информатика, каде што успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Адаптивен систем за давање на препораки врз основа на тагови за е -учење“ на 24.02.2017 година, со што се стекнал со звање доктор на науки, од областа на Техничко Технолошките науки, Компјутерска техника и информатика.

Кандидатот во последните 5 години ги има објавено следните трудови:

1. A. Koteski, B Risteski, Improving Learning recommendations trough audio and text-based sentiment insights, International Conference on Applied Internet and Information Technologies AIIT 2025.
2. A. Kotevski. Using Automatic Speech Recognition to support students with disabilities. UKLO Annual Scientific Conference 2025.

Кандидатот во последните 5 години ги има објавено следните трудови во журнали:

3. A. Koteski, Spam detection line using AI and NLP, Journal of University of Information Science and Technology "St. Paul the Apostle" Volume 3, Issue 1, 2023.
4. A. Koteski. Integrating AI and Cloud Computing for efficient audio analysis Balkan Journal of applied mathematics and informatics, online ISSN: 2545-4803, Volume VIII, Number 1, 2025.
5. A. Kotevski, R. Kotevska. Factors that affect image recognition efficiency with hugging face models. Horizons - International scientific journal, Volume 2, No.1, 2025.

## 2. Д-р Иле Димитриевски

Кандидатот д-р Иле Димитриевски со пријавата ги приложил сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува неговите наставно-образовни, научно-истражувачки, и стручно-апликативни активности.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Иле Димитриевски е роден на 21.07.1985 во Битола, Р. Македонија. Основно и средно образование ги завршува во Битола. Во академската 2004/2005 се запишува на Факултетот за електроника и автоматика при Техничкиот Универзитет Софија, во Пловдив Р. Бугарија. Студиите по Електроника ги завршува со просечена оцена 4.76 (на скала до 6). Дипломската работа со највисока оцена ја одбранува во 2009 година и се здобива со звање "Дипломиран електроинженер, насока електроника".

Веднаш потоа се запишува на двегодишни магистерски студии на Факултетот за електроника и автоматика при Техничкиот Универзитет Софија, во Пловдив, Р. Бугарија. Студиите ги завршува во редовен рок со просечена оцена 5.54 (на скала до 6). Во 2011 година со највисока оцена ја брани магистерската теза и се стекнува со научно звање „Магистер по електроника - MSc". Од 2013 - 2019 година ги следи докторските студии по Компјутерски системи и мрежи при Техничкиот Универзитет во Софија, Р. Бугарија. На 28.03.2019 година се стекнува со звањето Доктор по компјутерски системи, по успешната одбрана на докторската дисертација на тема „Development of smart Ethernet switch".

Во Јуни 2011 година кандидатот е избран во звање Соработник во областа "Компјутерски науки" при Универзитетот за информатички науки и технологии во Охрид. Во Февруари 2015 година кандидатот е избран во втор мандат за соработник при наведениот Универзитет. Додека во Октомври 2015 година кандидатот е избран во асистент-докторант при наведениот Универзитет. Во периодот од 2014 до 2015 година кандидатот држи вежби по „Микропроцесорна техника" при Техничкиот Универзитет во Софија. Во периодот од 2018 до 2020

година кандидатот учествува во организирање на наставниот процес при Универзитетот во Охрид.

Со одлука 02-496/3 од 02.10.2020 година кандидатот д-р Иле Димитриевски е избран во во наставно-научното звање Доцент во научната област „21207 – Организација и методологија на проектирање на сметачки машини (хардверски системи, софтвер)“ на Факултетот Компјутерски Науки и Инженерство при УИНТ.

Од почетокот на својата научна кариера, кандидатот учествувал на повеќе меѓународни семинари, конференции и школи, каде презентирал свои трудови од областа на компјутерските науки. Воедно кандидатот има објавено и два труда во меѓународни научни списанија од областа на компјутерските науки.

Посетил неколку школи и работилници од областа на компјутерските науки.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од 2021 година, кандидатот работи како Соработник во областа на компјутерските науки, каде држи вежби по повеќе предмети. Кандидатот има учествувано и на неколку научни школи и работилници во Холандија, Русија, Португалија, Чешка, Словачка, Франција и Италија.

Во изминатите 5 години, кандидатот на УИНТ држел предавања/вежби по следните предмети на прв циклус додипломски студии:

1. Дигитални логички кола
2. Логички кола и дигитална електроника
3. Вмрежување
4. Жични мрежи
5. Е-криминалистика
6. Сигнали и системи
7. Дигитално процесирање на сигнали
8. Оптички и жични мрежи

Во изминатите 5 години, кандидатот на УИНТ држел предавања/вежби по следните предмети на втор циклус постдипломски студии:

1. Безбедност на софтверски системи
2. Дизајнирање на вградени системи и рапидна изградба на прототипи
3. Мониторинг на мрежи
4. Етичко хакирање

Д-р Димитриевски учествува во креирањето на Елаборати и Силабуси за повеќе наставни програми и соодветни предмети за додипломски и докторски студии. Дополнително учествува и во Универзитетски како и факултетски комисии, за организирање на наставниот процес, распределба на настава, настава и научна дејност, упис на нови студенти и слично.

Од самото вработување во УИНТ, кандидатот активно учествува во повеќе промотивни активности за афирмација на Универзитетот.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ СО СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Од самиот почеток на академската кариера кандидатот интензивно се бави со научно-истражувачка дејност и како резултат на тоа објавува повеќе трудови на меѓународни научни конференци и списанија од полето на компјутерските науки.

Д-р Димитриевски во меѓународни научни журнали во последните 5 години ги објавил следните трудови:

1. Ile Dimitrievski, Stefan Trajanoski and Rasim Salkoski. Monte Carlo Calculations Supporting Automatic Verification. International Journal of Advances in Computer Science and Technology, Volume 14. No.6 (2025), ISSN 2320 - 2602, pp.25-29.
2. Ile Dimitrievski and Atanas Hristov, Rural environmental weather station based on Raspberry Pi and sensors, Journal of Computer Science and Mathematics.

Д-р Димитриевски на меѓународни научни конференции во последните 5 години ги објавил следните трудови:

3. Izabela Mitreska, Oliver Simonoski and Ile Dimitrievski. (2022). Intelligent Real-Time Face Mask and Temperature Recognition Using Deep Learning on Raspberry Pi. ISBN: 978-1-6654-7625-6, pp.164-168. International Conference of Automatics and Informatics '2022.
4. Elena Simonoska, Dijana Capeska Bogatinoska, Ile Dimitrievski and Reza Malekian. (2023). Sensor System for Real-time Water Quality Monitoring. 2023 46th MIPRO ICT and Electronics, ISSN: 2623-8764 pp.114-119.

Научно-истражувачката дејност на д-р Димитриевски, дополнително е поткрепена со развојот на вгнездени систем базирани на Raspberry Pi за практична настава на студентите.

## УЧЕСТВО ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНИ (НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ) ПРОЕКТИ

Кандидадот д-р Димитриевски учествувал на неколку национални и меѓународни научно-истражувачки и стручно-апликативни проекти, како на пример проектот „Паметно земјоделство – решение базирано на IoT за дигитална трансформација на земјоделството“ финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој (2023-2025) во улога на валидатор и верификатор на софтвер.

Кандидатот има аплицирано на неколку национални и меѓународни проекти. Д-р Димитриевски активно учествува и како член во работната група COST - CA17123 - Ultrafast opto-magneto-electronics for non-dissipative information technology каде активно се бави со научно-истражувачка дејност преку учество на научни собири, состаноци на работни групи, учество на школи, обуки и

работилници во Холандија, Русија, Португалија, Чешка, Словачка, Франција и Италија.

## УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, НАУЧНИ СОБИРИ И РАБОТИЛНИЦИ

Д-р Димитриевски учествува на повеќе конференции каде што презентира свои трудови:

1. International Conference of Automatics and Informatics '2022. Варна, Р. Бугарија.
2. 2023 46th MIPRO ICT and Electronics, Опатија, Р. Хрватска.

## ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Во прилог го доставуваме образецот 1, во кој се покажува исполнетоста на општите услови за избор во наставно-научно звање, како и образецот 2 во кој поподробно се објаснува бодувањето на кандидатот. Кандидатот д-р Иле Димитриевски има вкупно  поени и тоа: за наставно-образовна дејност 95,396; за научноистражувачка дејност 21,9; за стручно апликативна дејност 15,5.

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **95.396** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **21.9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15.5** |
| **Вкупно** | **132.796** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, д-р Иле Димитриевски има богата биографија и одлични научни и стручни постигнувања. Општо земено, целокупната наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност на д-р Иле Димитриевски, ѝ дава на Рецезентската комисија право да заклучи дека се работи за солиден кандидат, кој во целост ја има совладано наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната методологија која се применува во модерните предавања, како и истражувања во областа на компјутерските науки.

Врз основа на таквиот заклучок, Рецензентската комисија му предлага на Факултетот Компјутерски Науки и Инженерство при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле", да го избере Д-р Иле Димитриевски во наставно-научното звање Доцент во научната област

Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) на Факултетот Компјутерски Науки и Инженерство при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“.

**РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Атанас Христов**, Проректор за настава на УИНТ, Охрид и редовен професор на информатички и комуникациски науки компјутерски науки при УИНТ, Охрид, **претседател;**

**Вонр. Проф. д-р Дијана Џапеска Богатиноска**, декан и вонреден професор на Факултетот за информациски системи, визуализација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при УИНТ, Охрид, **член;**

**Вонр. Проф. д-р Расим Салкоски,** Вонреден професор на Факултетот за информациски системи, визуализација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при УИНТ, Охрид, **член;**

Охрид, 09.04.2026 година.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***д-р Иле Мики Димитриевски***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Факултет за компјутерски науки и инженерство***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **2.02.00.14 – КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8.35<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9.39 | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14). | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА (подетално во Образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Advances in Computer Science and Technology:<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупно членови 58: Индија 21; Малезија | ДА (подетално во Образец 2) |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 11; Португалија 1; Обединето Кралство 1, Јордан 3; Германија 1; Алжир 1; Ирак 2; Кина 1;Канада 2;Египет 3; Русија 1; Јужна Кореја 1; Кувајт 1; Шпанија 2; Мароко 1; САД 3; Саудиска Арабија 2;<br>Наслов на трудот: "Monte Carlo Calculations Supporting Automatic Verification"<br>Година на објава: 2025<br><br>2. Назив на научното списание: Journal of Computer Science and Mathematics;<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупно членови 31: Македонија 5; Бугарија 1; Австрија 2; Косово 4; Шпанија 1, Индија 1; Германија 1; Обединети Арабски Емирати 1; Франција 1; Италија 2; Унгарија 1; Албанија 3; Босна и Херцеговина 1; Словенија 1; Англија 2; Турција 3; Холандија 1;<br>Наслов на трудот: "Rural environmental weather station based on Raspberry Pi and sensors"<br>Година на објава: 2026 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings International Conference of Automatics and Informatics '2022<br>Назив на меѓународниот собир: International Conference of Automatics and Informatics '2022<br>Имиња на земјите: Бугарија, Полска, Азербејџан, Англија.<br>Наслов на трудот: "Intelligent Real-Time Face Mask and Temperature Recognition Using Deep Learning on Raspberry Pi"<br>Година на објава: 2022<br><br>2. Назив на зборникот: Proceedings 2023 46th MIPRO ICT and Electronics<br>Назив на меѓународниот собир: 2023 46th MIPRO ICT and Electronics<br>Имиња на земјите: Хрватска, Словенија, Србија, Северна Македонија, Данска, Обединето Кралство, Романија, Соединети Американски Држави, Индија, Чешка, Полска, Холандија, Шведска, Австрија, Португалија, Белгија, Германија, Русија, Италија, Канада, Финска, Шпанија.<br>Наслов на трудот: "Sensor System for Real-time Water Quality Monitoring"<br>Година на објава: 2023 | ДА (подетално во Образец 2) |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>Потврда изведувал вежби на англиски јазик во времетраење од најмалку една академска година. | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен

успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Д-р Иле Мики Димитриевски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Факултет за компјутерски науки и инженерство***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **2.02.00.14 – КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на вежби на прв циклус студии** | **25.2** |
| | Сигнали и системи, (2 часа), зимски семестар 2021/2022 | 0.9 |
| | Жични мрежи, (2 часа), зимски семестар 2021/2022 | 0.9 |
| | Вмрежување, (2 часа), зимски семестар 2021/2022 | 0.9 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (2 часа), летен семестар 2021/2022 | 0.9 |
| | Микропроцесори, (2 часа), летен семестар 2021/2022 | 0.9 |
| | Комуникациски системи (2 часа), летен семестар 2021/2022 | 0.9 |
| | Дигитални логички кола, (2 часа), зимски семестар 2022/2023 | 0.9 |
| | Сигнали и системи, (2 часа), зимски семестар 2022/2023 | 0.9 |
| | Жични мрежи, (2 часа), зимски семестар 2022/2023 | 0.9 |
| | Вмрежување, (2 часа), зимски семестар 2022/2023 | 0.9 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (2 часа), летен семестар 2022/2023 | 0.9 |
| | Микропроцесори, (2 часа), летен семестар 2022/2023 | 0.9 |
| | Вгнездени системи, (2 часа), летен семестар 2022/2023 | 0.9 |
| | Дигитални логички кола, (2 часа), летен семестар 2023/2024 | 0.9 |
| | Сигнали и системи, (2 часа), зимски семестар 2023/2024 | 0.9 |
| | Жични мрежи, (2 часа), зимски семестар 2023/2024 | 0.9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вмрежување, (2 часа), летен семестар 2023/2024 | 0.9 |
| | Логички кола и дигитална електроника/Вовед во електрични кола (2 часа), летен семестар 2023/2024 | 0.9 |
| | Сигнали и системи, (2 часа), летен семестар 2023/2024 | 0.9 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (2 часа), летен семестар 2023/2024 | 0.9 |
| | Микропроцесори, (2 часа), летен семестар 2023/2024 | 0.9 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (2 часа), зимски семестар 2024/2025 | 0.9 |
| | Жични мрежи, (2 часа), зимски семестар 2024/2025 | 0.9 |
| | Логички кола и дигитална електроника/Вовед во електрични кола (2 часа), летен семестар 2024/2025 | 0.9 |
| | Сигнали и системи, (2 часа), летен семестар 2024/2025 | 0.9 |
| | Е-криминалистика, (2 часа), летен семестар 2024/2025 | 0.9 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (2 часа), зимски семестар 2025/2026 | 0.9 |
| | Оптички и жични мрежи, (2 часа), зимски семестар 2025/2026 | 0.9 |
| **2** | **Одржување на часови на прв циклус на студии** | **50.4** |
| | Сигнали и системи, (3 часа), зимски семестар 2021/2022 | 1.8 |
| | Жични мрежи, (3 часа), зимски семестар 2021/2022 | 1.8 |
| | Вмрежување, (3 часа), зимски семестар 2021/2022 | 1.8 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (3 часа), летен семестар 2021/2022 | 1.8 |
| | Микропроцесори, (3 часа), летен семестар 2021/2022 | 1.8 |
| | Комуникациски системи (3 часа), летен семестар 2021/2022 | 1.8 |
| | Дигитални логички кола, (3 часа), зимски семестар 2022/2023 | 1.8 |
| | Сигнали и системи, (3 часа), зимски семестар 2022/2023 | 1.8 |
| | Жични мрежи, (3 часа), зимски семестар 2022/2023 | 1.8 |
| | Вмрежување, (3 часа), зимски семестар 2022/2023 | 1.8 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (3 часа), летен семестар 2022/2023 | 1.8 |
| | Микропроцесори, (3 часа), летен семестар 2022/2023 | 1.8 |
| | Вгнездени системи, (3 часа), летен семестар 2022/2023 | 1.8 |
| | Дигитални логички кола, (3 часа), летен семестар 2023/2024 | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Сигнали и системи, (3 часа), зимски семестар 2023/2024 | 1.8 |
| | Жични мрежи, (3 часа), зимски семестар 2023/2024 | 1.8 |
| | Вмрежување, (3 часа), летен семестар 2023/2024 | 1.8 |
| | Логички кола и дигитална електроника/Вовед во електрични кола (3 часа), летен семестар 2023/2024 | 1.8 |
| | Сигнали и системи, (3 часа), летен семестар 2023/2024 | 1.8 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (3 часа), летен семестар 2023/2024 | 1.8 |
| | Микропроцесори, (3 часа), летен семестар 2023/2024 | 1.8 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (3 часа), зимски семестар 2024/2025 | 1.8 |
| | Жични мрежи, (3 часа), зимски семестар 2024/2025 | 1.8 |
| | Логички кола и дигитална електроника/Вовед во електрични кола (3 часа), летен семестар 2024/2025 | 1.8 |
| | Сигнали и системи, (3 часа), летен семестар 2024/2025 | 1.8 |
| | Е-криминалистика, (3 часа), летен семестар 2024/2025 | 1.8 |
| | Дигитално процесирање на сигнали, (3 часа), зимски семестар 2025/2026 | 1.8 |
| | Оптички и жични мрежи, (3 часа), зимски семестар 2025/2026 | 1.8 |
| **3** | **Одржување на вежби на втор циклус студии** | **5.4** |
| | Безбедност на софтверски системи, (2 часа), академска 2021/2022 | 0.9 |
| | Дизајнирање на вградени системи и рапидна изградба на прототипи, (2 часа), академска 2021/2022 | 0.9 |
| | Мониторинг на мрежи, (2 часа), академска 2021/2022 | 0.9 |
| | Дизајн на вгнездени системи и рапидно развивање на прототипи (2 часа), академска 2023/2024 | 0.9 |
| | Дизајн на вгнездени системи и рапидно развивање на прототипи, (2 часа), академска 2024/2025 | 0.9 |
| | Етичко хакирање, (2 часа), академска 2024/2025 | 0.9 |
| **3** | **Одржување на часови на втор циклус студии** | **13.5** |
| | Безбедност на софтверски системи, (3 часа), академска 2021/2022 | 2.25 |
| | Дизајнирање на вградени системи и рапидна изградба на прототипи, (3 часа), академска 2021/2022 | 2.25 |

| | | |
|---|---|---|
| | Мониторинг на мрежи, (3 часа), академска 2021/2022 | 2.25 |
| | Дизајн на вгнездени системи и рапидно развивање на прототипи (3 часа), академска 2023/2024 | 2.25 |
| | Дизајн на вгнездени системи и рапидно развивање на прототипи, (3 часа), академска 2024/2025 | 2.25 |
| | Етичко хакирање, (3 часа), академска 2024/2025 | 2.25 |
| **5** | **Консултации со студенти на УИНТ** | **0.896** |
| | зимски семестар 2021/2022 (50 студенти); летен семестар 2021/2022 (40 студенти); зимски семестар 2022/2023 (62 студенти); летен семестар 2022/2023 (32 студенти); зимски семестар 2023/2024 (65 студенти); летен семестар 2023/2024 (67 студенти); зимски семестар 2024/2025 (31 студенти); летен семестар 2024/2025 (68 студенти); зимски семестар 2025/2026 (33 студенти); | 448 x 0.002 |
| | **ВКУПНО:** | **95.396** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **8.5** |
| | Ile Dimitrievski, Stefan Trajanoski and Rasim Salkoski. Monte Carlo Calculations Supporting Automatic Verification. International Journal of Advances in Computer Science and Technology, Volume 14. No.6 (2025). ISSN 2320 - 2602, pp.25-29. | 4 |
| | Ile Dimitrievski and Atanas Hristov, Rural environmental weather station based on Raspberry Pi and sensors, Journal of Computer Science and Mathematics. | 4.5 |
| **2** | **Труд со оригинални стручни-научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен-стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **7** |
| | Izabela Mitreska, Oliver Simonoski and Ile Dimitrievski. (2022). Intelligent Real-Time Face Mask and Temperature Recognition Using Deep Learning on Raspberry Pi. ISBN: 978-1-6654-7625-6, pp.164-168. International Conference of Automatics and Informatics '2022. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Elena Simonoska, Dijana Capeska Bogatinoska, Ile Dimitrievski and Reza Malekian. (2023). Sensor System for Real-time Water Quality Monitoring. 2023 46th MIPRO ICT and Electronics, **ISSN:** 2623-8764 pp.114-119. | 3 |
| **4** | **Рецензија на научен/стручен труд (2)** | **0.4** |
| | Hewan Shrestha, Subash Chandra Bose, Pon Harshavardhanan, Ananda Kumar S, Waleed Alnumay Detection and Classification of Dermatoscopic Images using Segmentation Techniques and Transfer Learning, Cluster Computing: The Journal of Networks, Software Tools and Applications, 2022. | 0.2 |
| | Carlo Ciulla. Pulse-Transfer Function of the Intensity-Curvature Functional: Applications in Magnetic Resonance Angiography of the Human Brain | 0.2 |
| **5** | **Учество на научно стручен собир со реферат**<br>- **Постер** | 1 |
| | Atanas Hristov, Ljubinka Sandjakoska, Ile Dimitrievski and Jovan Popovski. (2025). Digital Twin for Cellular Signaling: An ICT-Based Framework for<br>Integrating Genomic and Analog Biological. | 0.5 |
| | Atanas Hristov, Daniela Mechkaroska and Ile Dimitrievski. (2025). AI and AR for Object Identification in Forest Environments. | 0.5 |
| **6** | **Секциско предавање на научно стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **2** |
| | Ile Dimitrievski and Atanas Hristov, Rural environmental weather station based on Raspberry Pi and sensors, TSD 2025, Skopje, North Macedonia, | 2 |
| **7** | **Учесниик во национален проект** | **3** |
| | „Паметно земјоделство - дигитална трансформација на земјоделството базирана на IoT" Финансиран од фондот за иновации и технолошки развој (2023-2025) – Валидација и верификација на софтвер | 3 |
| | **ВКУПНО:** | **21.9** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Рецензирал за конференцијата 2023 International Joint Conference on Information and Communication Engineering, | 1 |
| **2** | **Учество во промотивни активности на Универзитетот** | **2** |
| | Отворени денови на УИНТ за 2022,2023,2024,2025 година (4) | 2 |
| **3** | **Декан** | **6** |
| | Факултет за компјутерски науки и инженерство при УИНТ 01.09.2021 | 6 |
| **4** | **Член на универзитетска комисија** | **3** |
| | Универзитетска комисија за наставна и научна дејност 2024, 2025, 2026 (3) | 3 |
| **5** | **Член на факултетска комисија** | **3.5** |
| | Комисии за прием на апликации за нови студенти во, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 (5) | 2.5 |
| | Комисија за спроведување на студентски избори 2025,2026 | 1 |
| | **ВКУПНО:** | **15.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **95.396** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **21.9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15.5** |
| **Вкупно** | **132.796** |


**РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

- **Проф. д-р Атанас Христов**, Проректор за настава на УИНТ, Охрид и редовен професор Факултетот за информатички и коминикациски науки при УИНТ, Охрид, **претседател;**

- **Вонр. Проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска**, Вонреден професор и декан на Факултетот за информациски системи, визуализација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при УИНТ, Охрид, **член;**



- **Вонр. Проф. д-р Расим Салкоски,** Вонреден професор на Факултетот за информациски системи, визуализација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при УИНТ, Охрид, **член;**



Охрид, 09.04.2026 година.